Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**МАшИНСКИ ФАКУЛТЕТ □Скопје**

## ЈУБИЛЕЈ

По повод 50 - годиШнината од основањето на МаШинскиот факултет, на 17 Јуни Ќе се оддржи Свечена седница на Научно Наставничкиот Совет, а на 18 Јуни е Свечената Академија во Александар Палас.

## НАУКА ЗА СИТЕ

Во рамките на активностите околу прославата на 24 мај, денот на Св. Кирил и Методиј и патронат на Универзитетот, беШе организиран настан на плоШтадот Македонија под наслов “Наука за сите“. На него со свои Штандови беа претставени десетина факултети од Универзитетот, меЃу кои и МаШинскиот факултет. На манифестацијата присуствуваа и ректорот на Универзитетот проф. д-р Велимир Стојковски и градоначалникот на Скопје, г-дин Коце Трајановски.



## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЛАДИЛНА ТЕХНИКА И КЛИМАТИЗАЦИЈА

МаШинскиот факултет во Скопје во соработка со МеЃународниот Институт за Ладење (Париз) организираШе МеЃународна конференција за ладилна техника и климатизација во Охрид, 7-9 мај 2009. На конференцијата беа презентирани најновите истражувања и примени во праксата со природен ладилен флуид амонијак, а специјални гости беа: Anders Lindborg (шведска), Gert Koster (Холандија), Nelson Mugabi (Јапонија), Predrag Hrnjak (САД), Andy Pearson (Шкотска), Lambert Kuijpers (Холандија), и др. Учествуваа и експерти од водечките фирми за ладење и климатизација: Johnson Controls, GEA Grasso, Mycom, LU-VE, Baltimore Aircoil, Evapco, Alfa Laval, Axima, Star Refrigeration, Bitzer, Guentner и др. Присуствуваа 93 учесници од 24 земји од 4 континенти.



## КУРСЕВИ ЗА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

Во рамките на Темпус МС-ИНД проектот за развој на магистерските студии по индустриски дизајн и маркетинг во месец мај 2009 се одржаа низа предавања од реномирани професори од Р. Словенија и Р.Германија. Предавањата беа наменети за слуШателите од индустријата и за наШите студенти, со теми актуелни во областа на индустрискиот дизајн: Industrial Coloring (Andrej Skrbinek Ph.D., м-р Ладислав Цветковски), Rapid Prototyping and Direct Fabrication (Andreas Gebhardt Ph.D., д-р Атанас Кочов, д-р Татјана Кандикјан), Ergonomics and Bionics (Clemens Stuebner Ph.D, д-р Софија Сидоренко), Advanced Surface Modeling (д-р Татјана Кандикјан, д-р Софија Сидоренко).

## Изложба

Студентите од насоката индустриски дизајн при МаШинскиот факултет од Скопје ги изложија своите трудови, изработени во текот на учебната 2008/2009 година. Оваа година, изложбата под наслов “Урбан живот во иднината” беШе поставена почнувајЌи од 03.06.2009 год во изложбениот салон во Мала Станица. Официјалната презентација на резултатите од заедничката работа на студентите од Скопје и Ахен Ќе се оддржи во четврток 04.06.2009, со почеток во 10:00 часот во просторијата К3-9 во новата зграда на МаШинскиот факултет

## МАЦЕФ

На 13.05.2009 во просторијата К3-9 се одржа семинар на тема "Енергетска ефикасност во Македонија". На семинарот беШе презентиран НорвеШко -Македонскиот проект "Енергетска ефикасност во Македонија", спонзориран од страна на Министерството за надвореШни работи на Кралството НорвеШка. Потоа беШе презентирана програмата за обука на Енергетски аудитори спроведена во соработка помеЃу МаШински факултет - Скопје, MACEF - Скопје и ENSI (Energy Saving International AS), од Осло, а потоа на посетителите на обуката им беа доделени сертификати за Енергетски аудитори. Исто така беШе презентиран и учебник за енергетска оцена на објекти, заедничко издание на ENSI - Осло и МаШински факултет во Скопје. Книгата Ќе биде објавена на веб страницата на МФС и Ќе биде слободна за превземање.

## КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Во периодот од 19 до 21 Мај се оддржа крводарителска акција на која 83 студенти даруваа крв. Како награда за нивната хуманост беШе организирана екскурзија до КруШево.

## ЕКСКУРЗИИ

Институтот за Производно инженерство и менаџмент, од 19-23 мај 2009, организираШе теренска настава за студентите од насоките Индустриско инженерство и менаџмент, Производно инженерство и Производна информатика во Р. Словенија.

Институтот за Хидраулично инженерство и автоматика, од 13-15 мај 2009, организираШе теренска настава за студентите од насоките Енергетика и екологија, Автоматика и флуидно инженерство, Хидраулика и автоматика и Инженерство на животна средина во Р. Србија.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на мај 2009 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Предраг Поповски и доц. д-р Зоран Марков реализираа теренска настава со студентите од Институтот за ХПА со посета на повеЌе институции и фирми во Р. Србија.
2. Проф. д-р Александар НоШпал и вон. проф. д-р Валентино Стојковски оствариja посета на Институтот "Винча" и МаШинскиот факултет во Белград, Р. Србија заради договор за идна развојно-техничка соработка.
3. Вон. проф. д-р Роберт Миновски заради учество на семинар реализира службено патување во Тунис.
4. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска и пом. асс. Бојан Јованоски реализираа теренска настава со студентите од Институтот за производно маШинство со посета на повеЌе фирми и институции во Р. Словенија.
5. Доц. д-р Петар Симоновски заради учество на семинари поврзани со активностите за акредитираната метролоШка лабораторија на МФС реализира службено патување во Нови Сад, Р. Србија.

**КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК**
**05.06.2009**
**ДУХОВДЕН, ПЕТОК ПРЕД ДУХОВДЕН**
**18.06.2009**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**
**25.06.2009**
**10 СЕДНИЦА НА ННС**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**
**Техничко уредување:**

*Жарко ВасиљевиЌ, дипл. ел. инж.*
*Борис РоШков, дипл. ел. инж.*

**Година 2009, мај, број 81**

***Ф А К У Л Т Е Т С К И***

***И Н Ф О Р М А Т О Р***

## СВЕЧЕНОСТИ

По повод 60 - годиШнината од основањето на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје се одржаа пригодни свечености. Во рамките на повеЌедневната прослава, се оддржаа концерти, изложби, проекција на филм за 60 - годиШниот развој на Универзитетот, свечена академија и друга пригодна програма. При јубилејната прослава беа доделени и награди за најдобро дипломираните студенти. Од МаШинскиот факултет беа наградени Филип Здравески кој дипломира со просек 10,00 и Јованова Јована со просек 9,94.

**ЧЕСТИТАМЕ!**

